# Службен гласник
## на Општина Валандово


Број 9 05.10.2023, четврток

www.valandovo.gov.mk


**С О Д Р Ж И Н А**


**Градоначалник на општина Валандово:**

**Совет на Општина Валандово:**

**1.Решение** за објавување на Одлуката за давање согласност на ЈОУДГ „Калинка" Валандово за организирање на работата со помал, односно поголем број на деца од законски утврдениот број........................ 2

**2.Одлука** за давање согласност на ЈОУДГ „Калинка" Валандово за организирање на работата со помал, односно поголем број на деца од законски утврдениот број...................................................................................... 2

**3.Решение** за објавување на Одлуката за дообезбедување на финансиски средства за сопствено учество во реализација на Проектот „Туризмот – иднината на регионот".......................................................................... 3

**4.Одлука** за дообезбедување на финансиски средства за сопствено учество во реализација на Проектот „Туризмот – иднината на регионот"..................................................... 3

**5.Решение** за објавување на Одлуката за одобрување на финансиска помош за санирање на штетите од пожар на индивидуална куќа во с.Брајковци, Општина Валандово............................................................................ 3

**6.Одлука** за одобрување на финансиска помош за санирање на штетите од пожар на индивидуална куќа во с.Брајковци, Општина Валандово ….................................. 3

**7.Решение** за објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства на Училиштен спортски клуб Валандово за реализација на програмски активности............................................................................ 4

**8.Одлука** за одобрување на финансиски средства на Училиштен спортски клуб Валандово за реализација на програмски активности....................................................... 4

**9.Решение** за објавување на Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на СОУ "Гоце Делчев" Валандово за учебната 2022/2023 година....................... 4

**10. Заклучок** за усвојување на Годишниот извештај за работата на СОУ "Гоце Делчев" Валандово за учебната 2022/2023 година................................................................. 4

**11. Решение** за објавување на Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа на СОУ "Гоце Делчев" Валандово за учебната 2023/2024 година.........................4

**12. Заклучок** за усвојување на Годишната програма за работа на СОУ "Гоце Делчев" Валандово за учебната 2023/2024 година................................................................ 5

**13. Решение** за објавување на Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на ЈОУДГ „Калинка" Валандово за учебната 2022/2023 година......................... 5

**14. Заклучок** за усвојување на Годишниот извештај за работата на ЈОУДГ „Калинка" Валандово за учебната 2022/2023 година................................................................. 5

**15. Решение** за објавување на Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа на ЈОУДГ „Калинка" Валандово за учебната 2023/2024 година........................ 5

**16. Заклучок** за усвојување на Годишната програма за работа на ЈОУДГ „Калинка" Валандово за учебната 2023/2024 година................................................................... 5

**17. Решение** за објавување на Заклучок за давање на позитивно мислење на Програмата за изведување на екскурзии и други слободни активности во ООУ „Јосип Броз Тито" Валандово за учебната 2023/2024 година...... 6

**18. Заклучок** за давање позитивно мислење на Програмата за изведување на екскурзии и други слободни активности во ООУ „Јосип Броз Тито" Валандово за учебната 2023/2024 година................................................ 6

**19. Решение** за објавување на Програма за измена и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2023 година............................ 6

**20. Програма** за измена и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2023 година.................................................................................. 6

**21. Решение** за објавување на Мислење за барањето на ООУ „Страшо Пинџур“ с.Јосифово, Валандово за одобрување на посета на 15 ученици и 5 вработени во училиштето по покана за учество на тридневната манифестација „Вукови Дани” во с.Степојевац, Општина Лазаревац, Република Србија........................................... 7
**22. Мислење** за барањето на ООУ „Страшо Пинџур“ с.Јосифово, Валандово за одобрување на посета на 15 ученици и 5 вработени во училиштето по покана за учество на тридневната манифестација „Вукови Дани” во с.Степојевац, Општина Лазаревац, Република Србија.... 7

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлуката за давање согласност на ЈОУДГ „Калинка” Валандово за организирање на работата со помал, односно поголем број на деца од законски утврдениот број**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за давање согласност на ЈОУДГ „Калинка” Валандово за организирање на работата со помал, односно поголем број на деца од законски утврдениот број, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дваесет и шестата редовна седница, одржана на ден 29.09.2023 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09- 923/6 | Градоначалник |
| 03.10.2023 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

Врз основа на член 64 став 5 од Законот за заштита на децата („Сл. весник на РМ“ бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Сл. весник на РСМ“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22), член 22 став 1 точка 7 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/2002) и член 15 став 1 точка 7, член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дваесет и шестата редовна седница, одржана на ден 29.09.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово за прием и организирање на работата со помал, односно поголем број на деца од законски утврдениот број**

**Член 1**

Општина Валандово како основач на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Калинка“ Валандово ДАВА СОГЛАСНОСТ оваа установа, во зависност од условите за работа, потребата на децата и родителите или програмите за остварување на дејноста, да ја организира работата во детските градинки, во воспитната 2023/2024 година, со помал, односно поголем број на деца од законски утврдениот број.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“ .

| | |
|---|---|
| Бр.08-113/6 | Совет на Општина Валандово |
| 29.09.2023 год. | Претседател |
| Валандово | Владимир Марков |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлуката за дообезбедување на финансиски средства за сопствено учество во реализација на Проектот „Туризмот – иднината на регионот”**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за дообезбедување на финансиски средства за сопствено учество во реализација на Проектот „Туризмот – иднината на регионот”, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дваесет и шестата редовна седница, одржана на ден 29.09.2023 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09- 923/8 | Градоначалник |
| 03.10.2023 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ”бр.5/2002), член 21 став 1 точка 43, член 45 и член 47 став 1 од Статутот на општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дваесет и шестата редовна седница, одржана на ден 29.09.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за дообезбедување на финансиски средства за сопствено учество во реализација на Проектот „Туризмот – иднината на регионот“**

**Член 1**

Имајќи го во предвид Барањето за одобрување на вишок количини бр.05-159/10 од 29.08.2023, со оваа Одлука Советот на Општина Валандово одобрува да се дообезбедат финансиски средства во висина од 113.922,00 денари со вклучен ДДВ, за сопственото учество во заедничкиот Проектот: „Туризмот – иднината на регионот“, поконкретно за уредување на рекреативна патека од населено место Пирава до манастир Св.Ѓорѓи.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е табеларниот приказ од Барањето за одобрување на непредвидени позиции и количини бр.05-62 од 08.08.2023 година поднесено од економскиот оператор, Известување од Надзорен орган бр.797/1 од 09.08.2023 година како и согласност од проектантот на проектот бр.0301-029/1 од 07.09.2023 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

| | |
|---|---|
| Бр.08-113/8 | Совет на Општина Валандово |
| 29.09.2023 год. | Претседател |
| Валандово | Владимир Марков |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлуката за одобрување на финансиска помош за санирање на штетите од пожар на индивидуална куќа во с.Брајковци, Општина Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за одобрување на финансиска помош за санирање на штетите од пожар на индивидуална куќа во с.Брајковци, Општина Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дваесет и шестата редовна седница, одржана на ден 29.09.2023 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-923/10 | Градоначалник |
| 03.10.2023 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ сл.весник на РМ.бр.5/2002) и член 45 и 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на дваесет и шестата редовна седница, одржана на ден 29.09.2023 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиска помош за санирање на штетите од пожар на индивидуална семејна куќа во с.Брајковци, Општина Валандово**

**Член 1**

Со ова Одлука од Буџетот на Општина Валандово се одобруваат средства на Зоранчо Наков од с.Брајковци, Општина Валандово, во износ од 120.000,00 денари, како финансиска помош за санирање на штетите од пожарот што ја зафати неговата индивидуална семејна куќа на ден 24.09.2023 година.

**Член 2**

Средствата за реализација на помошта ќе се исплатат од програма АО Совет на Општина, подставка 464 990 - други трансфери, на име Зоранчо Наков со ЕМБГ 0112972463003 на сметка 200002043985156 депонент Стопанска Банка АД Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Валандово.

Бр.08-113/10 Совет на Општина Валандово
29.09.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства на Училиштен спортски клуб Валандово за реализација на програмски активности**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за одобрување на финансиски средства на Училиштен спортски клуб Валандово за реализација на програмски активности, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дваесет и шестата редовна седница, одржана на ден 29.09.2023 година.

Бр.09-923/11 Градоначалник
03.10.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), и член 45 и 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дваесет и шестата редовна седница, одржана на ден 29.09.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиски средства на Училишен спортски клуб Валандово за реализација на програмски активности**

**Член 1**

Со ова Одлука од Буџетот на Општина Валандово, се одобруваат средства во износ од 80.000,00 денари, на Училишен спортски клуб Валандово, за реализација на програмски активности во натпреварувачката сезона.

**Член 2**

Исплатата на средствата да се изврши од програма АО-Совет на општина, подставка 463190 - останати трансфери, на сметка на Училишниот спортски клуб „Валандово" број 240220002219572 депонент УНИ Банка АД Скопје.

**Член 3**

Корисникот е должен, одобрените средства, наменски да ги употреби и за истите во рок од 15 дена од нивната реализација да достави финансиски извештај со фотокопија од документацијата за намената за која се искористени.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-113/11 Совет на Општина Валандово
29.09.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работата на СОУ "Гоце Делчев" Валандово за учебната 2022/2023 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работата на СОУ "Гоце Делчев" Валандово за учебната 2022/2023 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на дваесет и шестата редовна седница, одржана на ден 29.09.2023 година.

Бр.09-923/2 Градоначалник
03.10.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 31 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дваесет и шестата редовна седница, одржана на ден 29.09.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Извештајот за работата на СОУ „Гоце Делчев" Валандово за учебната 2022/2023 година**

1. **СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работата на СОУ „Гоце Делчев" Валандово за учебната 2022/2023 година, на кој Училишниот одбор на СОУ „Гоце Делчев" Валандово, има дадено согласност со Одлука бр.02-322/2 од 31.08.2023 година.
2. Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-113/2 Совет на Општина Валандово
29.09.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Годишната програма за работа на СОУ “Гоце Делчев” Валандово за учебната 2023/2024 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за усвојување на Годишната програма за работа на СОУ “Гоце Делчев” Валандово за учебната 2023/2024 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на дваесет и шестата редовна седница, одржана на ден 29.09.2023 година.

Бр.09- 923/3 Градоначалник
03.10.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 29 став 6 од Законот за средното образование („Службен весник на РМ“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17, 64/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.229/20), член 36 став 1 точка 6 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 29 и член 45 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дваесет и шестата редовна седница, одржана на ден 29.09.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Годишна Програма за работа на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово за учебната 2023/2024 година**

**Член 1**

1. **СЕ УСВОЈУВА** Годишната Програма за работа на СОУ „Гоце Делчев“-Валандово за учебната 2023/2024 година, која Училишниот одбор на СОУ „Гоце Делчев“-Валандово ја има утврдено со Одлука бр.02-321/3 од 31.08.2023 година.

**Член 2**

2. Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-113/3 Совет на Општина Валандово
29.09.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работата на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово за учебната 2022/2023 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работата на ЈОУДГ „Калинка” Валандово за учебната 2022/2023 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на дваесет и шестата редовна седница, одржана на ден 29.09.2023 година.

Бр.09- 923/3 Градоначалник
03.10.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 31 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дваесет и шестата редовна седница, одржана на ден 29.09.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Годишниот Извештај за работата на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово за 2022/2023 година**

1. **СЕ УСВОЈУВА** Годишниот Извештај за работата на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово за 2022/2023 година, кој Управниот одбор на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово го има утврдено со Одлука бр.02-75/3 од 19.09.2023 година.
2. Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-113/4 Совет на Општина Валандово
29.09.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Годишната програма за работа на ЈОУДГ „Калинка” Валандово за учебната 2023/2024 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за усвојување на Годишната програма за работа на ЈОУДГ „Калинка” Валандово за учебната 2023/2024 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на дваесет и шестата редовна седница, одржана на ден 29.09.2023 година.

Бр.09-923/5 Градоначалник
03.10.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 116 став 1 алинеја 2 и член 168 став 3 од Законот за заштита на децата („Службен Весник на РМ“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен

Весник на РСМ“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21,150/22 и 236/22), член 36 став 1 точка 6 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 29 и член 45 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дваесет и шестата редовна седница, одржана на ден 29.09.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Годишната Програма за работа на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово за 2023/2024 година**

**Член 1**

1. **СЕ УСВОЈУВА** Годишната Програма за работа на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово за 2023/2024 година, која Управниот одбор на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово, ја има утврдено со Одлука бр.03-75/4 од 19.09.2023 година.

**Член 2**

2. Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-113/5 Совет на Општина Валандово
29.09.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Програмата за изведување на екскурзии и други слободни активности во ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово за учебната 2023/2024 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за усвојување на Програмата за изведување на екскурзии и други слободни активности во ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово за учебната 2023/2024 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на дваесет и шестата редовна седница, одржана на ден 29.09.2023 година.

Бр.09-923/7 Градоначалник
03.10.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово и член 7 став 1 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година и Правилник за дополнување на правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта бр.12-11298/1 од 15.10.2020 година, Советот на Општина Валандово на дваесет и шестата редовна седница, одржана на ден 29.09.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за давање позитивно мислење на Програмата за изведување на екскурзии и други слободни активности во ООУ„Јосип Броз Тито” Валандово за учебната 2023/2024 година**

**1. СЕ ДАВА ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ** на Програмата за изведување на екскурзии и други слободни активности во ООУ„Јосип Броз Тито” Валандово за учебната 2023/2024 година и тоа за :

- еднодневна научна екскурзија со учениците од трето одделение во месец мај 2024 година;
- дводневна научна екскурзија со учениците од шесто одделение во месец април-мај 2024 година;
- тридневна научна екскурзија со учениците од деветто одделение во месец октомври 2023 година;
- петдневна настава во природа со учениците од петто одделение во месец април - мај 2024 година;
- еднодневни наставни посети.

2. Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-113/7 Совет на Општина Валандово
29.09.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за измена и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2023 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Програма за измена и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2023 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дваесет и шестата редовна седница, одржана на ден 29.09.2023 година.

Бр.09-923/12 Градоначалник
03.10.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 40 став 1 во врска со член 39 став 5 од Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на РСМ” бр. 32/20”), член 22, став 1, точка 1 и член

62 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002"), член 15, став 1, точка 1 и член 45 од Статутот на Општина Валандово и точка Г од Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2023 година („Сл.гласник на Општина Валандово бр.12/22, 3/23, 4/23, 5/23 и 6/23), Советот на Општина Валандово на дваесет и шестата редовна седница, одржана на ден 29.09.2023 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2023 година**

**Член 1**

Во Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2023 година, по точка Г се додава нова подточка Г6, која гласи:

„Г6: Се започнува постапка за донесување на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за Е.1.8 -Инфраструктура за пренос на електрична енергија-10(20) kV кабелски вод поставен на дел од КП бр. 502/3, 502/1, 505, 506 896, 634, 633, 635, 640, КОРаброво, општина Валанодово и за Е.1.6-Канализациски ифраструктури фекална канализација поставена на дел од КП бр. 502/4, 505, 506, 896, 634, 633, 635, 640, КО Раброво, општина Валандово согласно член 58 став 6 од Законот за урбанистичко планирање, поднесена од Друштво за производство трговија и услуги ДИМ-КОМЕРЦ дооел Валандово, увоз-извоз.

Финансирањето на изработката на урбанистичкиот проект со сите потребни пропратни елаборати и дозволи паѓаат на товар на подносителот на иницијативата за изработка на урбанистичкиот проект.

**Член 2**

Програмата влегува во сила од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Валандово".

| | |
|---|---|
| Бр.08-113/12 | Совет на Општина Валандово |
| 29.09.2023 год. | Претседател |
| Валандово | Владимир Марков |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Мислење за барањето на ООУ „Страшо Пинџур" с.Јосифово, Валандово за одобрување на посета на 15 ученици и 5 вработени во училиштето по покана за учество на тридневната манифестација „Вукови Дани" во с.Степојевац, Општина Лазаревац, Република Србија;**

**СЕ ОБЈАВУВА** Мислење за барањето на ООУ „Страшо Пинџур" с.Јосифово, Валандово за одобрување на посета на 15 ученици и 5 вработени во училиштето по покана за учество на тридневната манифестација „Вукови Дани" во с.Степојевац, Општина Лазаревац, Република Србија, што Советот на Општина Валандово го донесе на дваесет и шестата редовна седница, одржана на ден 29.09.2023 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-923/9 | Градоначалник |
| 03.10.2023 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

Советот на Општина Валандово на дваесет и шестата редовна седница, одржана на ден 29.09.2023 година, расправаше по Барањето на ООУ „Страшо Пинџур" Валандово бр.03-240/2 од 22.09.2023 година заведено под бр.08-107/1 за давање на мислење за посета на 15 ученици и 5 вработени во училиштето по покана за учество на тридневната манифестација „Вукови Дани" во с.Степојевац, Општина Лазаревац, Република Србија, па врз основа на член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 45 од Статутот на Општина Валандово, го дава следното

**М И С Л Е Њ Е**

Советот дава позитивно мислење да се прифати поканата за посета на 15 ученици и 5 вработени во училиштето по покана за учество на тридневната манифестација „Вукови Дани" во с.Степојевац, Општина Лазаревац, Република Србија, доколку отсуството на учениците и наставниците не се одрази на редовното изведување на наставата и на надградбата на учениците.

Надлежните органи на училиштето, имајќи го во предвид мислењето на Советот, да ја оценат оправданоста и целисходноста на посетата и сообразно на тоа да постапат.

Мислењето ќе се објави во „Службен гласник на Општина Валандово".

| | |
|---|---|
| Бр.08-113/9 | Совет на Општина Валандово |
| 29.09.2023 год. | Претседател |
| Валандово | Владимир Марков |